Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на Одделот Информатички и телекомуникациски технологии, бараме:

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Учество во инсталација, пуштање во работа, детекција на грешки и одржување на целосната комуникациска мрежна опрема (радио линкови, UHF и др.) во компанијата, како и мониторирање на целокупната мрежа преку централен систем за управување
- Посета на постоечки и нови локации за одржување и развој на комуникациските мрежи
- Планирање на соодветна инфраструктура за поставување на микробранови линкови (локации, инфраструктура и сл.)
- Одржување на микробранови и UHF линкови
- Работа со менаџмент системот на радио мрежата
- Редовно следење на состојбата на мрежа и интервенција во случај на дефекти
- Планирање за краткорочен и долгорочен развој на мрежите
- Изготвување на потребни и задолжителни документи кон АЕК

**Потребни компетенции**

- Високо образование - Телекомуникации
- Соодветно работно искуство од најмалку 2 години
- Самостојно правење на спецификации и конфигурација на линкови
- Работа со native TDM и native Ethernet радио линкови и со софтвер за радио планирање (ICS designer)
- Познавање на работа со Aviat опрема за микробранови линкови и 4RF опрема за UHF линкови
- Искуство во планирање и долготраен развој на комуникациски мрежи
- Основни познавања на L3 CISCO опрема
- Напредно користење на пишан и говорен англиски јазик
- Возачка дозвола – Б категорија
- Високо развиени комуникациски способности и способност за работа во тим

Испратете ја Вашата куса биографија и мотивационо писмо на jobs.elektrodistribucija@evn.mk

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување.

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА
ДООЕЛ Скопје
ул.11 Октомври бр.9
Скопје 1000, Македонија
Тел. +389 (2) 3205 300
www.elektrodistribucija.mk
elektrodistribucija@evn.mk

ELEKTRODISTRIBUCIJA
DOOEL Skopje
ul.11 Oktomvri br.9
Skopje 1000, Macedonia
Phone +389 (2) 3205 300
www.elektrodistribucija.mk
elektrodistribucija@evn.mk